Врз основа на член 108 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, со измените), и согласно член 106 од Статутот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Ректорската управа на Универзитетот распишува

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ ВО АКАДЕМСКАТА 2017/2018 ГОДИНА

**- втор уписен рок -**

1. На факултетите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје можат да се запишат вкупно 294 студенти во прва година на прв циклус студии во академската 2017/2018 година.

1.1. На Факултет за деловна економија и организациони науки можат да се запишат вкупно 89 студенти во прва година на студии на следните насоки:
- Менаџмент, маркетинг и финансии (настава на македонски јазик);
- Менаџмент, маркетинг и финансии (настава на англиски јазик); (НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ СЕ АКРЕДИТИРАНИ ВО САД)
- Ревизија и сметководство (настава на англиски јазик, четиригодишни студии);
- Менаџмент на човекови ресурси (настава на англиски јазик);
- Бизнис администрација и економија (ДВОЈНА ДИПЛОМА со Универзитетот Тор Вергата, Италија, настава на англиски јазик).

Кандидатите кои ќе се запишат на вонредни студии, освен на горенаведените насоки, можат да се запишат и на насоката ‘бизнис администрација’.

1.2. На Факултетот за правни науки можат да се запишат вкупно 48 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик) на следните насоки:
- Правосудна насока;
- Деловно право (НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).

1.3. На Факултетот за архитектура и дизајн можат да се запишат вкупно 64 студенти во прва година на студии (настава на македонски јазик) на следните насоки:
- Архитектура;
- Внатрешна архитектура;
- Визуелни уметности;
- Архитектура и менаџмент (НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).

Студентите кои ќе се запишат на насоката ‘архитектура’, можат да земат и дополнителна насока – ‘архитектура и менаџмент’, која Факултетот ќе ја понуди бесплатно.

1.4. На Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн можат да се запишат вкупно 20 студенти во прва година на студии на следните насоки:
- Архитектура;
- Внатрешна архитектура.

1.5. На Факултетот за компјутерска техника и информатика можат да се запишат вкупно 15 студенти во прва година на студии (настава на англиски јазик) на следните насоки:
- Софтверско инженерство;
- Компјутерски мрежи;
- ИТ менаџмент;

- Менаџмент на информациски системи (НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).

Студентите кои ќе се запишат на насоката ‘софтверско инженерство’, можат да земат и дополнителна насока – ‘менаџмент на информациски системи’, која Факултетот ќе ја понуди бесплатно.

1.6. На Факултетот за странски јазици можат да се запишат вкупно 26 студенти во прва година на студии на следните насоки:

- Настава по англиски јазик;
- Деловна комуникација и превод на англиски јазик (НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).

Студентите кои ќе се запишат на насоката ‘настава по англиски јазик’, можат да земат и дополнителна насока – ‘деловна комуникација и превод на англиски јазик’, која Факултетот ќе ја понуди бесплатно.

1.7. На Факултетот за политички науки можат да се запишат вкупно 32 студенти во прва година на студии на следните насоки:

- Психологија (настава на англиски јазик);
- Меѓународни односи и дипломатија (настава на англиски јазик);
- Меѓународни односи и дипломатија со бизнис (настава на англиски јазик) (НАСТАВНАТА ПРОГРАМА Е АКРЕДИТИРАНА ВО САД).

Студентите кои ќе се запишат на насоката ‘меѓународни односи и дипломатија’, можат да земат и дополнителна насока – ‘меѓународни односи и дипломатија со бизнис’, која Факултетот ќе ја понуди бесплатно.

Доколку на некои од факултетите не се пополни соодветниот број на студенти, за неисполнетиот број на студенти може да се зголеми бројот за запишување студенти на некој од другите факултети на Универзитетот, но во рамките на вкупниот број на студенти што можат да се запишат на Универзитетот.

Сите деловно ориентирани програми на сите факултети, освен на Факултетот за деловна економија и организациони науки кои се акредитирани во САД се однесуваат на тригодишни студии од прв циклус и едногодишни специјалистички студии од втор циклус.

2. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус студии за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува:
   - 2.000 евра за студирање на студиските програми на сите факултети.
   - 2.600 евра за студирање на англиски јазик на студиските програми на Факултетот за деловна економија и организациони науки.
   - 3.000 евра за студирање на студиската програма двојна диплома на Факултетот за деловна економија и организациони науки.
   - 3.000 евра за студирање на студиските програми на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн.

   Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање и попустите кои се одобруваат, се регулирани со тарифникот на Универзитетот.

3. Право на запишување на прв циклус студии на факултетите имаат кандидати кои положиле државна матура или меѓународна матура.

   Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година), кои не полагале државна матура.

   По исклучок, под услови кои ги утврдува факултетот, на студии можат да се запишат и лица без претходно завршено соодветно образование, ако станува збор за исклучително надарени лица за кои може да се очекува дека и без завршено претходно образование успешно ќе ги завршат студиите.

   Доколку на конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во првиот уписен рок не се јави доволен број на кандидати кои ги исполнуваат условите од став 1 на оваа точка, право на упис на прв циклус студии може да имаат и кандидати кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

Странските државјани се запишуваат на студии под исти законски услови како и државјаните на Република Македонија, и со пријавата приложуваат решение за нострификација за завршено средно образование, односно доказ дека е започната постапка за нострификација кај надлежните институции.

На Универзитетот можат да се запишат и кандидати во повисоки години кои се трансфер од други високообразовни установи, кандидати што имаат завршено високо или вишо образование, студенти кои посетуваат програма за мобилност Еразмус+, како и други програми за мобилност на студенти, но во рамките на вкупната квота на студенти.

Покрај исполнувањето на горенаведените услови, право на запишување на студиската програма Бизнис администрација и економија (двојна диплома) имаат оние кандидати кои имаат добро познавање на англиски јазик (ниво B2) (доколку кандидатите не поседуваат сертификат, ќе се изврши тестирање за да се утврди нивото на познавање на англиски јазик). Кандидатите исто така ќе полагаат влезен тест и ќе бидат интервјуирани од страна на академскиот кадар на универзитетот.

Доколку на конкурсот се јават повеќе кандидати од утврдениот број согласно овој конкурс, нивниот избор ќе се врши со рангирање според постигнатиот просечен успех во средното образование.

4. Кандидатите за запишување и посетување настава на наставни програми на англиски јазик ќе бидат тестирани за степенот на познавање на јазикот.
Врз основа на постигнатите резултати на тестирањето ќе се организира подготвителна настава по англиски јазик.

5. Универзитетот, за кандидатите што ќе се запишат на прв циклус студии, ќе организира:
   - подготвителна настава по англиски јазик (за студенти кои се запишуваат на наставни програми на англиски јазик);
   - подготвителна настава по математика (за студенти на Факултетот за деловна економија и организициони науки, Факултетот за архитектура и дизајн и Факултетот за компјутерска техника и информатика);
   - подготвителна настава по цртање (за студенти на Факултетот за архитектура и дизајн);
   - подготвителна настава по информатика (за студенти на Факултетот за компјутерска техника и информатика);
   - кариерно советување,
   - обука за подготвување на биографија, мотивациско писмо и интервју за работа,
   - обука за користење на електронска библиотека ЕБСКО,
   - обука за користење на Мудл (Moodle) платформа за настава и интеракција со наставниот кадар.

6. На Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатите можат да се запишат и на вонредни студии на сите факултети, освен на Факултетот за архитектура и дизајн, доколу исполнуваат соодветни услови, а во рамки на вкупниот број на студенти од точка 1 на овој конкурс.
Индикативниот надоместок за запишување и студирање на вонредните студенти за една академска година со вредност од најмалку 60 ЕКТС изнесува:
   - 2.000 евра за студирање на студиските програми на сите факултети
   - 2.600 евра за студирање на англиски јазик на студиските програми на Факултетот за деловна економија и организациони науки.

Надоместокот за студирање и условите за можните начини на плаќање се регулирани со тарифникот на Универзитетот. Одредбите од точка 7 на овој конкурс важат и за вонредните студенти, со исклучок на алинеа три.

7. Вториот уписен рок започнува со објавувањето на конкурсот и трае до 01.10.2017 година.

Кандидатите со вкупно освоени од 60 до 100 поени од сите параметри вклучени во пресметувањето на успехот, ќе се запишуваат по принципот ‘прв дојден, прв услужен’, при што ќе се земат во предвид кандидатите кои извршиле претходна регистрација од објавувањето на конкурсот, до денот на неговата важност.
Кандидатите со вкупно освоени од 45 до 59 поени од сите параметри вклучени во пресметување на успехот, можат да се запишат на Универзитетот под посебен режим на студирање, доколку има слободни места на Универзитетот.

Подетални информации во врска со овој конкурс можат да се добијат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на тел. број 2 463 156 или на веб страната на Универзитетот www.uacs.edu.mk.

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**
**Ректорска управа**